**20260661064**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

☐

Врз основа на член 5 став (1) од Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/20, 133/20, 49/22, 54/22, 64/22, 125/22, 218/25), Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седница одржана на 30 март 2026 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЕСКАЛИРАНАТА ГУСТИНА $\rho$e И ДЕЕСКАЛИРАНАТА ГУСТИНА $\rho$d, НА СЕКОЈ НАФТЕН ДЕРИВАТ И ГОРИВО ЗА ТРАНСПОРТ, ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ P ЗА ПРЕМИЈА, ТРАНСПОРТНИТЕ ТРОШОЦИ T ДО СКЛАД ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ D ЗА ТРОШОЦИ ЗА РАБОТЕЊЕ ПРЕКУ СКЛАД И ТРГОВСКА МАРЖА СО ВКЛУЧЕНИ ТРАНСПОРТНИ ТРОШОЦИ ОД СКЛАД ДО БЕНЗИНСКИ СТАНИЦИ И КРАЈНИ ПОТРОШУВАЧИ**

Член 1

Во Одлуката за определување на ескалираната густина $\rho$e и деескалираната густина $\rho$d на секој нафтен дериват и гориво за транспорт, висината на надоместокот P за премија, транспортните трошоци T до склад во Република Северна Македонија и висината на надоместокот D за трошоци за работење преку склад и трговска маржа со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.237/25), во членот 5, став (1), бројот „8,20“ се заменува со бројот „ 7,70“.

Потточката а) од истиот став се менува и гласи:

„ а) Трошоци за работење преку склад:

1) за моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС – 95.......1,20 MKD/l,

2) за моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС – 98.......1,20 MKD/l,

3) за дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)....1,20 MKD/l и

4) за масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1)...1,20 MKD/l.“

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

Бр. 02-490/1
30 март 2026 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Заменик претседател,
**Лирим Сулејмани,** с.р.